A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ
УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 25.03.2019

Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.03.) во периодот од 16.30 до 24.00 часот спроведе акциска контрола на подрачјето на Скопје со цел откривање и санкционирање на возачите кои управуваат возила со поголема бучавост од дозволената и кои ги прекршуваат сообраќајните правила. Од страна на полициските службеници преземени се вкупно 110 мерки. Привремено се задржани 35 сообраќајни дозволи и ќе бидат упатени на вонреден технички преглед, а поднесени се и 53 прекршочни платни налози за прекршоци по Законот за возила и Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

По однос на останати прекршоци од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила кон возачи, преземени се вкупно 20 мерки за сторени сообраќајни прекршоци и одземени се два мотоцикли за бучавост и без документи.

На 24.03.2019 во периодот од 12.00 до 17.00 часот полициски службеници од СВР Велес контролираа 96 мопеди и моторцикли од кои 48 биле неисправни. Во Велес од контролирани 37 неисправни биле 22, во Кавадарцо од контролирани 35 неисправни биле 20 и во Неготино од 24 неисправни биле шест.

Во текот на изминатите денови (22, 23 и 24.03.2019 ) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 159 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 61 возачи од кои: 50 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и 11 возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 66 возила бидејќи 62 биле нерегистрирани и четири возила биле технички неисправни. Санкционирани се 16 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, четворица поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престигнување, пет поради неправилно престројување, 51 возач поради некористење заштитен шлем при управување на моторцикл, 11 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило, двајца возачи поради недвање првенство на минување на крстосница и 29 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 206 мандатни платни налози и 139 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатите денови се случиле 23 сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди и 17 лица се здобиле со телесни повреди.

На 24.03.2019 околу 13.15 часот на магистралниот пат Гостивар-Кичево, на околу 500 метри од „Мавровска крстосница", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „БМВ" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Е.М.(41) од Гостивар и патничко возило „Фолксваген Пасат" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(68) од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила А.Ф. -сопатничка од возилото „БМВ". По укажаната помош во Медицинскиот центар Гостивар таа била пренесена во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Во незгодата со телесни повреди се здобиле уште шест лица во двете возила, кои по укажаната помош биле пуштени на домашно лекување. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 24.03.2019 околу 12.45 часот на регионалниот пат Ратае-Желино, во с.Шемшово-тетовско, патничко возило „Фиат пунто" со тетовски регистарски ознаки, управувано од С.М.(48) од Скопје, удрило во 11-годишно дете од Шемшово, кое управувало велосипед. Повреденото дете било пренесено во тетовската клиничка болница. Извршен бил увид на местото на настанот и се работи на расчистување на случајот.

На 24.03.2019 на крстосницата од патот село Лисолај-Битола се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Шевролет спарк" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.С(25) од село Белче, демирхисарско и патничко возило „Опел корса" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.М(32)од Битола. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот во патничкото возило „Опел корса" и бил пренесен во Клиничка болница Битола. Возачот на патничкото возило Шевролет спарк" и сопатникот од другото возило се здобиле со телесни повреди. Извршен бил увид на местото.

На 22.03.2019 во 15.30 часот во Полициската станица Гевгелија од слобода бил лишен и задржан А.А.(36) од Гевгелија, кај кого, при преглед, полициски службеници пронашле марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.03.2019 во 13.00 часот во Полициската станица Струмица од слобода биле лишени С.М.(23) и М.М.(30), двајцата од Струмица, поради постоење основиа н сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба наркотични droги, психотропни супстанци и

прекурсори". По целосно документирање на случајот, против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.03.2019 во 21.15 часот во Полициската станица за Граничен премин и граничен надзор „Белановце" било пријавено дека североисточно од село Слупчане, општина Липково, на околу еден километар на место викано „Мокро поле", настанал пожар, при што била зафатена дабова шума и сува трева. Се преземаат мерки за гаснење на пожарот.

На 24.03.2019 во периодот од 12.00 до 17.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола со која биле опфатени мотоциклисти.При контролата вкупно биле откриени 37 прекршоци (ТЕ-24 и ГВ-13), од кои девет управување без дозвола (ТЕ-5 и ГВ-4), исто толку истечена регистрација (ТЕ-6 и ГВ-3), 11 мотоциклисти управувале без заштитена шлем(ТЕ-5 и ГВ-6), а 3(ТЕ) со истечена осигурителна полиса. При контролата констатирани се и девет други видови прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-4 ). Откриените прекршоци биле заокружени со 35 прекршочни платни налози (ТЕ-22 и ГВ-13), со 15 исклучени од сообраќај (ТЕ-10 и ГВ-5), една писмена опомена (ТЕ) и шест покани за сообраќајна поука (ГВ).

Полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола викендот извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас и светло. Притоа, исконтролирани се вкупно 1262 возила и возачи и било констатирано дека 77 возачи ја надминале дозволената брзина, 37возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле 21возило, а присуство на алкохол е откриено кај шест возачи и тие биле исклучени од сообраќај.

На 24.03.2019 во периодот од 12.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Струмица е спроведена акциска контрола со цел откривање на прекршоци од возачите на мотоцикли и мопеди. Во акцијата се откриени 24 прекршоци, за кои се издадени 24 прекршочни платни налози.

На 24.03.2019 околу 12.00часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека во шумскиот појас помеѓу кичевските села Жубрино и Поповјани, настанал пожар,пришто била опожарена сува трева и ниско стеблеста шума. Пожарот бил локализиран од Територијалната противпожарна единица од Кичево.

На 24.03.2019 околу 16.00часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека во месноста „Кутлабица", атар на кичевското село Туин, настанал пожар, пришто била опожарена поголема површина со дабова и борова шума. Пожарот бил локализиран од Територијалната противпожарна единица од Кичево.

На 24.03.2019 во 18.15 часот во СВР Тетово било пријавено дека на железничката станица на влез од Тетово, непознато лице го каменувало патничкиот воз кој сообраќа на релација Скопје-Кичево.Притоа, било искршено едно прозорско стакло, додека повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.Е.(51) од село Арачиново, скопско,поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,предизвикување општа опасност". На 03.03.2019 околу 16.00 часот во атар на село Никуштак, кумановско, пријавениот, од пиштол, кој го поседувал со соодветна дозвола, испукал куршум, при што се здобил со телесна повреда во пределот на раката.

На 24.03.2019 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.С.(63) од Скопје пријавил дека од дома во непознат правец се оддалечил неговиот син В.С.(38) од Скопје, кој има здравствени проблеми и претходно се оддалечувал од домаСе преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.К.(40) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". При претрес во домот на пријавениот во Штип полициски службеници пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Џ.Х.(38) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 15.09.2017 година при претрес во домот на пријавениот во Кичево полициски службеници пронашле и одзеле хероин и шишенца со метадон.

На 24.04.2019 во 08.30 часот во СВР Скопје, Р.И.(81) од Скопје пријавил дека во периодот од 14.00 часот на 23.03.2019 до 08.30 часот на 24.03.2019 година настанал пожар во неговата викенд куќа и помошна просторија на место викано „Чукур" во село Јурумлери, скопско. Извршен увид.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против Д.С.(46) од Пробиштип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 25.11.2018 година во Пробиштип, од страна на полициски службеници, при преглед на патничко возило, управувано од пријавениот, била пронајдена и одземена ловечка пушка „Zastava", за која не поседувал соодветна дозвола.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk



Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)